УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ

# Добредојдовте на Првиот академски час!

„Кажи ми – ќе заборавам;
покажи ми – ќе запомнам;
вклучи ме – ќе научам!“

—БЕНЏАМИН ФРЕНКЛИН



## За Факултетот за медицински науки

Факултетот за медицински науки во рамките на интегрираниот државен Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претставува најголемиот факултет во нашата држава.

Преку пренесување на знаења, организирање на студии, развој и промоција на образованието и науката, развој на креативните способности, подготвување на студентите за занимање за што е потребна примена на стручни знаења и научни откритија, поттикнување на технолошкиот развој, развој на високостручна здравствена дејност и напредок на општеството во кое човекот ја презема одговорноста за својата сопствена иднина, Факултетот за медицински науки ги охрабрува студентите кои ќе го изберат овој факултет да зачекорат кон иднината во улогата на високо квалификувани кадри, оспособени за сите предизвици на медицинската пракса.

# ДЕКАН И ДЕКАНСКА УПРАВА

- **Декан**
  Проф. д-р Милка Здравковска
  milka.zdravkovska@ugd.edu.mk

- **Продекан**
  Проф. д-р Зденка Стојановска
  zdenka.stojanovska@ugd.edu.mk

- **Продекан**
  Проф. д-р Ивона Ковачевска
  ivona.kovacevska@ugd.edu.mk

- **Раководител на студиските програми за општа медицина, медицински сестри и акушерки**
  Проф. д-р Андреј Петров
  andrej.petrov@ugd.edu.mk

- **Раководител на студиските програми за дентална медицина и забни техничари**
  Проф. д-р Киро Папакоча
  kiro.papakoca@ugd.edu.mk

- **Раководител на студиските програми за фармација и медицински лаборанти**
  Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска
  biljana.gorgeska@ugd.edu.mk

- **Раководител на студиската програма за физиотерапевти**
  Проф. д-р Ленче Николовска
  lence.nikolovska@ugd.edu.mk

# СЛУЖБА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА

Службата за студентски прашања овозможува административна поддршка во студирањето на секој студент запишан на Факултетот за медицински науки.

Лоцирана е во центарот на градот Штип, во непосредна близина на Факултетот за образовни науки.

Во Службата за студентски прашања на Факултетот за медицински науки се вклучени четири референти, кои студентите може да ги контактираат лично или преку нивната службена електронска пошта.

**Мери Манева Настов**
meri.maneva@ugd.edu.mk

Референт за студиската програма за општа медицина

**Стојанче Стојанов**
stojance.stojanov@ugd.edu.mk

Референт за студиските програми за дентална медицина и фармација

**Анка Јорданова**
anka.jordanova@ugd.edu.mk

Референт за студиските програми за медицински сестри, акушерки и забен техничар

**Васка Здравкова**
vaska.zdravkova@ugd.edu.mk

Референт за студиските програми за медицински лаборанти и физиотерапевти

# ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

**Александар Веселинов**
**претседател на ФСС**
лице за контакт за студентите
на студиската програма по фармација

**Александар Величков, Драгана Угрева, Сара Денкова, Стефан Мишовски, Кристијан Живков, Мартина Јанева и Мартин Ристевски**
лица за контакт за студентите
на студиската програма по општа медицина

**Благој Лазаров**
лице за контакт за студентите
на студиската програма по дентална медицина и забни техничари

**Калина Ковачева**
лице за контакт за студентите
на студиските програми за медицински сестри, акушерки, медицински лаборанти и физиотерапевти

**Членовите на Факултетското студентско собрание одржуваат редовни состаноци на кои се дискутира за сите проблеми кои ги засегаат студентите, редовно се консултираат со Деканот и деканската управа и ги систематизираат сопствените соопштенија во консултација со Деканот и деканската управа.**

**Факултетското студентско собрание се залага за правата на студентите, давајќи им образложенија и упатувајќи ги на вистинското место каде ќе може да го решат својот проблем.**

**Сите информации поврзани со работата на Факултетското студентско собрание, како и соопштенијата кои произвлегуваат од таквата работа, се достапни на официјалните профили на ова тело на Facebook и Instagram.**

# НАСТАВА

**КАМПУС 2**

Предавални за теоретска настава; Амфитеатри за теоретска настава; Лаборатории за практична настава; Кабинети за практична настава.

**КАМПУС 3: ТЕКСТИЛНО УЧИЛИШТЕ**

Предавални за теоретска настава; Лаборатории за практична настава; Кабинети за практична настава.




**КЛИНИЧКА БОЛНИЦА – ШТИП**

Изведба на практична настава за клинички предмети.

**КАМПУС 3: КЛИНИЧКА БОЛНИЦА – ШТИП**

Предавални за теоретска настава.

# ЕЛЕКТРОНСКО СТУДИРАЊЕ

Microsoft Teams

Е-учење

Е-индекс

Е-библиотека

Е-пошта

Имајќи ја предвид тековната ситуација, наставата на Факултетот за медицински науки се одвива хибридно, односно предавањата и дел од вежбите се одвиваат електронски, со помош на апликацијата Microsoft Teams, а останатите вежби се одвиваат со физичко присуство.

Студирањето на Факултетот за медицински науки е значително олеснато со воведување на платформите Е-учење, Е-индекс, Е-библиотека и Е-пошта.

# ЕЛЕКТРОНСКО СТУДИРАЊЕ

www.ugd.edu.mk



# ЕЛЕКТРОНСКО СТУДИРАЊЕ
# MICROSOFT TEAMS

Microsoft Teams







- Секој студент, со својата службена електронска пошта, се вклучува на апликацијата Microsoft Teams.
- **Тимовите** за тековниот семестар се веќе формирани од страна на ИТ службата на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
- Секој од професорите и асистентите, преку тимовите креирани на оваа апликација, закажуваат предавања, вежби, испити и колоквиуми, а студентите, освен што добиваат известување на својата службена електронска пошта, истовремено ги следат ваквите активности преку опцијата **календар** на оваа апликација.

# ЕЛЕКТРОНСКО СТУДИРАЊЕ
## Е-УЧЕЊЕ




Соопштенијата наменети за сите студенти на Факултетот за медицински науки, се објавуваат во посебна секција на платформата е-учење.

- Бесплатен пристап до курсевите кои се слушаат во тековен семестар;
- Бесплатен пристап до презентации и наставни материјали, подготвени од страна на предметните професори и асистенти;
- Континуиран преглед на соопштенија и известувања од предметните професори и асистенти;
- Можност за електронско спроведување на колоквиуми и испити.




Е-учење

# ЕЛЕКТРОНСКО СТУДИРАЊЕ
## Е-ИНДЕКС

Е-индекс




- Електронско досие за секој студент;
- Можност за Е-плаќање;
- Преглед на семестри со освоени поени од предиспитни активности и завршен испит;
- Можност за електронско пријавување на испити;
- Можност за електронски упис и електронска заверка на семестар;
- Можност за електронски избор на изборни предмети;
- Можност за електронско пријавување на Дипломска работа;
- Можност за електронско поднесување на барање од студент.

# ЕЛЕКТРОНСКО СТУДИРАЊЕ
# Е-БИБЛИОТЕКА




- Ги собира на едно место изданијата на Факултетот за медицински науки;
- Сите важни изданија, учебници, учебни помагала и стручни прирачници се достапни на оние кои имаат најголема потреба од нив – студентите;
- Електронскиот библиотечен фонд постојано се збогатува, како резултат на што, се зголемува и слободниот пристап кон стручната литература;
- Овозможува брз, едноставен и бесплатен пристап до потребната литература.

Е-библиотека

# ЕЛЕКТРОНСКО СТУДИРАЊЕ
# Е-ПОШТА

Е-пошта




- Со запишување на Факултетот за медицински науки, студентите добиваат службена електронска пошта.
- Освен студентите, и останатите вработени на Факултетот за медицински науки имаат службена електронска пошта.
- Ваквиот пристап овозможува лесна комуникација помеѓу професорите и асистентите, од една страна, и студентите, од друга страна.

При остварување на официјална комуникација помеѓу студентите и професорите, студентите задолжително треба да ја користат **службената електронска пошта** (Ime.BrojNaIndeks@student.ugd.edu.mk).

# ХИЕРАРХИЈА НА КОМУНИКАЦИЈА

ПРЕТСТАВНИК НА ГЕНЕРАЦИЈА

ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК

РАКОВОДИТЕЛ НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

ПРОДЕКАН

ДЕКАН



Од секоја генерација, на секоја студиска програма, студентите избираат ПРЕТСТАВНИК НА ГЕНЕРАЦИЈАТА, кој комуницира со надлежните, според точно утврдена хиерархија на комуникација.

# СООПШТЕНИЈА И ИЗВЕСТУВАЊА




Преку официјалната веб-страна на Факултетот
[www.fmn.ugd.edu.mk](http://www.fmn.ugd.edu.mk)




Преку официјалната веб-страна на Универзитетот
[www.ugd.edu.mk](http://www.ugd.edu.mk)

Соопштенија и известувања

# КОНЦЕПТ НА СТУДИРАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

| Поени | Активност |
| --- | --- |
| 10 | Присуство на предавања |
| 10 | Присуство и активност на вежби |
| 20 | Прв колоквиум |
| 20 | Втор колоквиум |
| 10 | Завршна вежба / Проектна задача |
| 30 | Завршен испит |

ПРЕДИСПИТНИ АКТИВНОСТИ

Максималниот број на поени што студентот може да ги освои од предиспитни активности изнесува 70, а максималниот број на поени што студентот може да ги освои на завршен испит изнесува 30.

Услов за добивање потпис од предавања и вежби се освоени минимум 6 поени од секоја активност поединечно.

За студентот да може да пристапи кон полагање на завршен испит, потребно е да има освоено **минимум 42 поени** од предиспитни активности.

Студентите кои имаат освоено минимум 35, а максимум 41 поен од предиспитни активности, имаат право да полагаат **поправен колоквиум**.

# КОНЦЕПТ НА СТУДИРАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 0 – 50 | 5 (пет) | F |
| 51 – 60 | 6 (шест) | E |
| 61 – 70 | 7 (седум) | D |
| 71 – 80 | 8 (осум) | C |
| 81 – 90 | 9 (девет) | B |
| 91 – 100 | 10 (десет) | A |




Концепт на студирање и оценување



*Vivat Academia,*
*Vivant Professores,*
*Vivat membrum quodlibet,*
*Vivant membra quaelibet,*
*Semper sint in flore!*